ПОШТАРИНА ПЛАТЕНА
ВО ПОШТА 1300 КУМАНОВО


**ДДДММ**
**СТОМАТОЛОШКО ЗДРУЖЕНИЕ**
**НА МАКЕДОНИЈА**
Илинденска 5а 1300 Куманово
тел. +389(0)31 423-537, 070 31 36 48

**www.dentalmakedonija.org**
E-mail: stomatoloskozdruzenie@yahoo.com
dentalmakedonija@gmail.com


# СИМПОЗИУМ
## СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО:

## "Современи принципи и протоколи во стоматологија"

## 04.03.2017
### Хотел КРИСТАЛ ПАЛАС Прилеп

Симпозиумот е акредитиран од стручната комисија на Стоматолошка Комора на Македонија со 8 бода за пасивно и 12 бода за активно учество

## ПРОГРАМА

**09.00-10.00 Регистрација на учесници**
**10.00-10.15 Отварање на симпозиумот**
**10.15-10.45** Проф.Д-р. Александар Грчев



**Клиника за максилофацијална хирургија, Стоматолошки факултет, Скопје, Р.Македонија**

**"Дијагностички протокол за субмандибуларните и вратните патолошки процеси "** Изборот на метода за дијагностицирање на субакутни отекувања или мали тумефакти во субмандибуларната и латералната вратна регија, и диференцијација на возможниот малигнитет на таквите промени, е клинички предизвик за лекарот во секојдневната пракса. Ова е посебно потенцирано со фактот што пациентите во овие случаи се исплашени и инсистираат на брза и ефикасна дијагноза, ставајки го лекарот во состојба да превзема изнудени чекори, не следејки никаков рационален протокол за дијагностика. Рационалната дијагностика треба да ги следи чекорите од протоколот кој ке биде прикажан, со прецизна диференцијација на дијагнозата со корисни дијагностички методи. Посебно ќе се осврнеме на ултразвучната сонографија, како метода која има голем број предности, поради тоа што е безопасна по пациентот и може да се повторува безброј пати, лесно достапна, ефтина, и се изведува клинички. Самиот протокол се базира на тенденцијата докторот по дентална медицина да го искористи целиот опис на дијагностички и терапевтски мерки кој треба да бидат употребени во примарната здравствена дејност и да има точни сознанија кога поединечниот пациент треба да се упати на понатамошни специјалистички претражувања.

**10.45-11.25** Доц. Д-р. Нели Николова



**Катедра по протетична дентална медицина, Факултет по дентална медицина, Софија, Р Бугарија.**
**Претседател на асоцијација Софија Дентал Митинг**

**"Протоколи за предвидливи резултати за реставрирање со композитни материјали и порцелански фасети"** Денталните композити и порцелани са широко използувани како материјали во современата дентална практика. Има клинични ситуации, во кои што можевме да ги употребиме и двата вида материјали за реконструкција на тврдите забни тквиви на еден заб, но тоа бара запазување на конкретни протоколи за работа, гарантирана оптимална врска како меѓу нив , така и со забните ткива. Предавањето ќе има за цел да разгледа неколку клинични случаи со демонстрирање на таквиот пристап и протоколи при работењето.

**11.25-12.00 Пауза**
**12.00-12.10 Презентација** Colgate
**12.10-12.45** Доц. Д-р. Рада Обрадовиќ



**Клиника за орална медицина, парадонтологија и парадонтална хирургија, Медицински факултет, одсек стоматологија , Ниш, Р. Србија**

**"Протоколи при парадонтална терапија кај пациенти со diabetes mellitus"**
Дијабетес мелитус (ДМ) е хронично метаболно нарушувања предизвикано од наследен или стекнат недостаток во производството на инсулин од панкреасот или неефикасноста на инсулин. Истражувачи сугерираат дека контролата на гингивалната инфламација за време на хронична пародонтална инфекција е од суштинско значење за постигнување на долгорочна контрола на ДМ и дека сите пациенти со ДМ треба да се охрабруваат да посетуваат редовно стоматолог со цел да се задржи високо ниво на орално и пародонтално здравје. Тесна соработка меѓу пациентот и матичниот стоматолог, како и понатамошно испитување на нови терапевтски модалитети може да биде начин на подобрување на општото и пародонтално здравје кај пациенти со ДМ.

**12.45-13.20** Науч.сор. Д-р.Сци. Вера Радојкова Николовска



**Клиника за болести на уста и пародонт, Стоматолошки факултет, Скопје, Р.Македонија**

**"Дентални протоколи после зрачење на пациенти со малигноми"** Пациентите подложени на радио терапија, како примарна, адјувантна или комбинирана терапија на малигномите на главата и вратот се склони кон голем број на стоматолошки компликации. Овие карциномите често се третираат со радиотерапија, техника при која се користи јонизирачко зрачење и врши терапевтски ефект со полу-селективно оштетување на генетскиот материјал на малигните клетки, или директно преку продукција на слободни радикали, што резултира со смрт на клетката. Негативните ефекти од RT се манифестираат со оштетување на нормалните клетки, особено оние кои брзо се делат, или пак се помалку способни за репарација. Во усната празнина, тоа се клетки на оралната мукоза, останатите меки ткива, забите, периостот, коската, жлездите и крвните садови што резултира со специфични радијациони синдроми. Тие синдроми вклучуваат ксеростомија и дисгеузија настанати заради оштетување на плунковните жлезди, мукозитис од оштетување на епителните клетки, патолошки промени во нормалната флора, радијационен кариес, намалено отворање на устата заради промените во структурата на колагенот и остеорадионекроза на вилицата од намалениот капацитет на коската за заздравување.
Стратегиите за превенција и справување со такви компликации може да бидат контроверзни. Ова предавање има за цел да го нагласи тековното разбирање и управување на стоматолошки потреби на пациентите пред, за време и по спроведената радиотерапија.

**13.20-13.30**
**Дискусија и доделување на сертификати**

## КОТИЗАЦИЈА:

**до 24.02.2017 (петок) ---- 1550,оо ден.**

**за членови на ДДДММ Стоматолошко здружение на Македонија со платена членарина за 2016 ------ 1400,оо ден.**

**од 25.02.2017 (сабота) ------ 2000,оо ден.**

**Поради ограничен број на места котизацијата ќе се прима до пополнување на истите**

**Уплата со точно име и презиме се врши на жиро сметки на ДДДММ Стоматолошко здружение на Македонија**

**530 0703019005-96 / Охридска Банка**

**ВО СОРАБОТКА СО НАШИОТ ПАРТНЕР**
**Medimak Skopje**
**СПЕЦИЈАЛНИ ПОНУДИ ЗА СИТЕ СО ПЛАТЕНА КОТИЗАЦИЈА**


CURAPROX
ДЕНТОМЕД-М
SOFIA DENTAL MEETING
12-15 октомври 2017
www.sofiadentalmeeting.com
LISTERINE